**20220780930**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 5 став 4 од Законот за Царинската тарифа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/03, 69/04, 10/08, 160/08, 35/10, 11/12, 93/13, 44/15, 81/15, 192/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/19 и 39/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 15 март 2022 година, донесе

## УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕТО НА ОДРЕДЕНИ СТОКИ ВО КОМБИНИРАНАТА НОМЕНКЛАТУРА СОГЛАСНО СО РЕГУЛАТИВИТЕ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА (*)

Член 1

Во Уредбата за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 222/20, 281/20, 4/21, 53/21, 135/21, 197/21 и 292/21), во членот 1 во ставот (2) по бројот „471“ сврзникот „и“ се заменува со запирка, а по Прилогот 472, се додава нов Прилог 473, кој е составен дел на оваа уредба.

Член 2

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-2355/1
15 март 2022 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
д-р **Димитар Ковачевски,** с.р.

---

(*) Со оваа уредба се врши усогласување со Регулативата на Комисијата на ЕУ за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура, CELEX бр. 32021R1816.

**Прилог 473**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕК) бр. 1816/2021** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ во форма на цврста, хомогена бела маса кој се состои од рафинирано, белено, дезодорирано палино масло кое е делумно хидрогенизирано со додаток на мали количини на сорбитан тристеарат (Е 492), лецитин (Е 322), мешани токофероли Е 306) и лимонска киселина (Е 330).<br>Производот е спакуван во вреќи од 20 кг; се користи во прехранбената индустрија (на пример, како замена за путер од какао). | **1517 90 99** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименуванијата на тар. број 1517 и тар. подброеви 1517 90 и 1517 90 99.<br><br>Распоредувањето во тар. број 1516 е исклучено бидејќи палминото масло е понатаму обработено со додавање на емулгатори и лимонска киселина поради што го има изгубено суштинскиот карактер на делумно хидрогенизираното палмино масло од тарифен број 1516.<br><br>Оттука производот ќе се распореди во тарифен подброј 1517 90 99 како други јастиви производи од растителни маснотии. |